# Устав чл.77

Устав на Република Македонија
("Службен весник на РМ" бр.52/91) - извадок

Ставот 1 на членот 77 е заменет со точката 1 на Амандманот XI, а ставот 2 на овој член е дополнет со точката 2 на истиот амандман ("Службен весник на РМ" бр.91/01)

**Член 77**

Собранието избира народен правобранител.

Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Народниот правобранител се избира за време од осум години, со право на уште еден избор.

Условите за избор и разрешување, надлежноста и начинот на работа на народниот правобранител се уредуваат со закон.

**Амандман XI**

1. Собранието избира народен правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.
2. Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните што им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител посветува посебно внимание за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.
3. Со точката 1 на овој амандман се заменува ставот 1 на членот 77, а со точката 2 се дополнува ставот 2 на членот 77 од Уставот на Република Македонија.

**Амандман XII - извадок**

1. Собранието основа Комитет за односи меѓу заедниците.

   Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои по седум члена од редот на пратениците во Собранието Македонци и Албанци, а по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Доколку

некоја од заедниците нема пратеници, народниот правобранител, по консултации со релевантните претставници на тие заедници, ќе ги предложи другите членови на комитетот.